Врз основа на член 6 од Статутот на Инженерската институција на Македонија и Одлука за наградување на најдобрите дипломирани инженери бр. 0202-013 од 30.01.2003 година, и член 2 став 7 од Статутот на Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија го донесоа следниот

# ПРАВИЛНИК

за наградување на најдобрите дипломирани инженери
со признанието ИНЖЕНЕРСКИ ПРСТЕН

## I ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој правилник се уредуваат условите и начинот на доделување на признанието ИНЖЕНЕРСКИ ПРСТЕН на најдобрите дипломирани инженери во Република Македонија.

**Член 2**

Со цел да се промовира и поттикне афирмативен однос кон знаењето како еден од клучните елементи за личен општествен и цивилизациски развој, Инженерската институција на Македонија и Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија, секоја година на најдобрите дипломирани студенти од факултетите кои што образуваат инженерски кадри, им доделува признание Инженерски прстен.

Како признание, Инженерскиот прстен ги промовира инженерските науки кај младите, а кај младите инженери го потикнува натамошно професионално усовршување, со главна цел формирање на инженерски подмладок што ќе биде движечка сила во техничко-технолошкиот развој на нашето општество.

## II ИЗГЛЕД НА ИНЖЕНЕРСКИОТ ПРСТЕН

**Член 3**

Признанието ИНЖЕНЕРСКИ ПРСТЕН се состои од Признание за најдобар дипломиран студент и златен инженерски прстен.

Признанието како заеднички документ потпишан од овластени претставници на двете страни потписници на овој Правилник е печатено во црвена боја и ги содржи логоата на Инженерската институција на Македонија и Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија.

Златниот инженерски прстен претставува круна од дабови лисја на чиј врв е вграден знакот на Инженерската институција на Македонија. Дабовите лисја во Македонската традиција од антиката до денес се симбол на чест и достоинство на имателот. Ѕвездата од знакот на Инженерската институција на Македонија го симболизира знаењето и синергијата од сите инженерски дисциплини.

## III ИЗГЛЕД И ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ИНЖЕНЕРСКИ ПРСТЕН

**Член 4**

Признанието за најдобар дипломиран инженер се доделува на редовните годишни промоции на матичниот факултет.

**Член 5**

Златниот инженерски прстен се доделува на манифестација што ја организираат Инженерската институција на Македонија и Комората на овластени архитекти и овластени инженери, под покровителство на Претседателот на Република Македонија.

Актуелниот Претседател на Република Македонија, го врачува златниот инженерски прстен на добитниците, на свеченост која се одржува во првата половина на јуни секоја година на Плаошник во Охрид.

## IV ДОБИТНИЦИ НА ИНЖЕНЕРСКИОТ ПРСТЕН И НАЧИН НА ПРЕДЛАГАЊЕ

**Член 6**

Со признанието ИНЖЕНЕРСКИ ПРСТЕН се стекнуваат дипломираните инженери од петте најдобро рангирани универзитети во Република Македонија, државјани на Република Македонија, кои своето образование го завршиле како најдобри во својата генерација, од факултетите што се утврдени со Прилог 1 на овој правилник.

Прилог 1 на овој правилник може да се менува со одлука на организаторите на манифестацијата ИНЖЕНЕРСКИ ПРСТЕН.

Добитници на инженерскиот прстен можат бидат дипломираните инженери со завршени академски студии и стекнати најмалку 240 кредити (ЕКТС), стручно звање “дипломиран инженер” и просечен успех над 9,00.

**Член 7**

Инженерската институција на Македонија и Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија, преку администрацијата на Инженерската институција на Македонија во јануари секоја година испраќа допис до државните факултети од петте најдобро рангирани државни универзитети што профилираат кадри со стручно звање “дипломиран инженер” со покана да номинираат кандидати за признанието ИНЖЕНЕРСКИ ПРСТЕН.

**Член 8**

Факултетот во рок од 15 дена по добивањето на дописот до Инженерската институција на Македонија доставува податоци за номинираниот најдобар дипломиран инженер во својата генерација со освоени најмалку 240 кредити.

Факултетите од став 1 на овој член доставуваат копија од уверение за положени испити на прв циклус студии и уверение за завршени студии со документ со лични податоци за номинираниот најдобар дипломиран инженер.

За номинираниот најдобар дипломиран инженер што има освоено 180 ЕКТС на прв цилус академски студии и во континуитет вкупно 300 ЕКТС на прв и втор циклус студии стекнати на ист факултет, во прилог на личните податоци, факултетот треба да достави и копија од: уверение за положени испити на прв и втор циклус студии,

уверение за завршени студии на прв и втор циклус студии, како и диплома за завршен прв циклус студии.

V ВЗАЕМНИ ОДНОСИ НА ОРГАНИЗАТОРИТЕ

**Член 9**

Одлука за доделување на признанието ИНЖЕНЕРСКИ ПРСТЕН на најдобрите дипломиран инженери донесува Управниот одбор на Инженерската институција на Македонија, врз основа на предлог на заедничка комисија за верификација на документите на номинираните кандидати којашто се состои од 5 (пет) члена, од кои по 2 (два) се избрани од секоја од страните потписници на овој правилник и еден претставник од Кабинетот на Претседателот на Република Македонија.

Комисијата од став 1 на овој член работи согласно Деловник за работа, донесен од организаторите на оваа манифестација.

**Член 10**

Организаторите на манифестација од член 2 на овој правилник се рамноправни во процесот на одлучување за доделување на Инженерскиот прстен и учествуваат во подеднакви износи во финансирањето на манифестацијата.

**Член 11**

Средствата за манифестацијата ИНЖЕНЕРСКИ ПРСТЕН се обезбедуваат од организаторите, Инженерската институција на Македонија и Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија, од партиципација на факултетите учесници во манифестацијата, спонзорства и донации.

**Член 12**

Најдобрите дипломирани инженери, добитници на признанието, стануваат членови на Клубот на носители на ИНЖЕНЕРСКИ ПРСТЕН.

Административните работи на Клубот на носители на ИНЖЕНЕРСКИ ПРСТЕН ги води Инженерската институција.

Скопје, 06.04.2016

Претседател на ИМИ

Проф. д-р Христина Спасевска

Претседател на Комората

М-р Блашко Димитров дипл.град.инж.